## ВТОР ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ЗА КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ (4+1)

**Цел и оправданост на студиската програма**

Врз основа на резултатите од анализа на потребите на безбедносниот систем на Република Македонија и утврдувањето на дефицитарните занимања, односно занимањата кои се актуелни и/или ќе бидат барани во иднина, студската програма за кризен менаџмент оставаат простор да одговори на реалните пртреби за профилирање на високи кадри од областа на безбедноста.

Токму спецификацијата на дефицитарните занимања, односно расположливите можности за вработување, но и заработката, покрај напредокот во кариерата и личното задоволство од работата, се детерминирани основни критериуми при избор на понатамошното високо образование од страна идните студенти на сите циклуси, но и како референтна точка за идентификување на потребите за воведување на нови содржини во високото образование.

Овие студии се мултидисциплинарни и се економски, политички, правни, етички, информатички, животната средина, хуманитарни и други аспекти на проучување на феноменот на безбедноста и управувањето со кризи.

**Услови за запишување**

На втор циклус студии може да се запише лице кое завршило прв циклус студии, односно додипломски студии и ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој Правилник и Конкурсот за упис.

Правото на влез во студиите од втор циклус ќе имаат кандидатите кои имаат завршено основни академски студии со најмалку 240 ЕКТС.

Кандидатите кои имаат завршено Факултет за безбедност (студиски програми Криминалистика, Безбедност и финансиска контрола, Безбедност, Криминологија и криминална политика) и нејзините сродни факултети може директно да се запишат на студиите од втор циклус МАСТЕР. Сродни факултети се сите факултети на групата на општествени науки на Универзитетите во Република Македонија (економија, право, безбедност, меѓународни односи, воени науки, политички науки, Педагошки факултет, Филолошкиот факултет, Филозофски факултет, Медицински факултет), како и високообразовната институција: Воената академија „Генерал Михајло Апостолски„-Скопје и др. Студиска програма на втор циклус академски студии е збирка на потребни и изборни предмети, со рамка содржина чие донесување се обезбедува потребните знаења и вештини за добивање на диплома на ниво на академски студии од втор степен.

На втор циклус академски студии во времетраење од една година (60 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии, односно додипломски студии во траење од најмалку четири години (240 европски кредити) и ги исполнува условите од став1 на овој член.

Запишувањето на втор циклус студии се врши врз основа на Конкурс кој го објавува Универзитетот.

**Профил**

Според следењето на потребите на безбедносниот систем и општеството во целина и искуствата од земјите на ЕУ и пошироко, студиската програма по КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ се физиономираше да ги задоволува образовните потреби во следниве области:

а) Професионалец во развојот на системот за кризен менаџмент: раководител или извршител во одделот за менаџмент на ризици и закани кој се грижи за целокупниот циклус на обезбедување, развој, активирање и одржување на системот;

б) Професионалец за одделни аспекти на третманот во справувањето со кризите како кадри во специјализирани владини или приватни агенции и служби: министерства, локална самоуправа, центри и дирекции за заштита и спасување и сл.

в) Раководител во јавна институција (безбедносна, образовна, здравствена, социјална и сл.), каде што доминантна дејност на менаџерирање со кризи.

г) Консалтинг во областа на безбедносните политики и организациските промени во безбедносниот систем

д) Заштита на животната околина

ѓ) Создавање на кадар кој ќе одговори на потребите на бизнис заедницата за управување со корпоративен и бизнис ризик

**Кризен менаџмент на странски Универзитети**

Студиската програма за Кризен менаџмент на Факултетот за безбедност, при нејзиното концепирање се водеше од актуелните студски програми и концепти од областа, применувајќи искуства и модели преземни од европските универзитети и нивните програми од областа кои што се рангирани помеѓу првите 50 во согласност со Шангајската листа, модифицирани и прилагодени на околностите, традицијата и историјата од областа на справувањето со кризи во Република Македониа и во регионални рамки.

## СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Листа на задолжителни и изборни предмети**:

Систематски научни дисциплини како ***задолжителни предмети*** за насоката **Кризен менаџмент** се:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ01 | Управување со ризици од кризи и катастрофи: од теорија во пракса | 150 | 6 | 9 |
| 2. | ФБКМ02 | Интегрирана соработка во кризниот менаџмент | 150 | 6 | 9 |
| 3. | ФБКМ03 | Современи аспекти и технологии во системот на кризниот менаџмент | 150 | 6 | 9 |
| 4. | ФБКМ04 | Методологија на истражување на безбедносните појави и истражувачки дизајн | 150 | 6 | 9 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Управување со кризи** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ101 | Интегрирање на науката и на апликативните алатки во | 150 | 6 | 10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | справувањето со кризи | | | |
| 2. | ФБКМ102 | Процена на ризик | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ103 | Управување со кризни состојби | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ104 | Планирање и координација на службите за итни повици | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Кризни политики и комуникации** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ201 | Мултикултурализам и интеркултурни кризни комуникации | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ202 | Психологија на криза и кризни интервенции | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ203 | Секуритизација и десекуритизација | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ204 | Креирање и анализа на јавни политики во безбедноста и кризниот менаџмент | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Заштита на критична структура** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ301 | Заштита на вредносен систем на Република Македонија | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ302 | Тероризам и менаџирање на инциденти пост тероризам | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ303 | Безбедност и заштита на сообраќајната инфраструктурата во сообраќајот | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ304 | Заштита на вредносен систем на Република Македонија | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Еколошки кризен менаџмент** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ401 | Климатските промени и катастрофи – градење на отпорност | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ402 | Животна средина и планирање во услови на криза | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ403 | Глобални еколошки закани | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ404 | Природни непогоди, ранливост и закрепнување | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Корпоративен и бизнис ризик** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ501 | Корпоративни финансии и измами | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ502 | Проценка на безбедносен ризик во приватната безбедност | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ503 | Корпоративна безбедност | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ504 | Корпоративна безбедност и злоупотреба на довербата | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Човечки ресурси во системот за управување со кризи/безбедносниот систем** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ601 | Управување со човечки ресурси во безбедносниот сектор | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ602 | Контрола на безбедносниот систем | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ603 | Кризен менаџмент во управата | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ604 | Родови прашања во кризниот менаџмент | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **ЕУ и кризниот менаџмент** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ701 | Моделот на ЕУ во управувањето со кризи | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ702 | Цивилни мисии и воени операции за менаџирање со кризи на ЕУ | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ703 | Кризен менаџмент во ЕУ: структура и операционализација на активностите | 150 | 6 | 10 |
| 4. | ФБКМ704 | Улога на ЕУ во управувањето со кризи: институции и соработка | 150 | 6 | 10 |

Во групата на ***изборни предмети*** за насоката **Криминолошки димензии за кризата** се следниве научни дисциплини:

| ред. бр. | код | Предмет | фонд | кредити | семестар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФБКМ801 | Транзициона правда | 150 | 6 | 10 |
| 2. | ФБКМ802 | Трговија со луѓе, нелегална миграција и криумчарење мигранти | 150 | 6 | 10 |
| 3. | ФБКМ803 | Организиран криминал и корупција | 150 | 6 | 10 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | ФБКМ804 | Превенција и неконвенционален криминал | 150 | 6 | 10 |

| **Ред. бр.** | **Вид наставни предмети** | **Број на предмети** | **Број на ЕКТС*** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Задолжителни предмети** | **4** | **24** |
| **2.** | **Изборни премети** | **2** | **10** |
| **3.** | **Универзиетески - изборни предмети** | **1** | **6** |
| **4.** | **Магистерски труд** | | **20** |
| | **ВКУПНО:** | **7** | **60** |